# IMPORTANCE OF PRACTICAL WORK FOR STUDENTS IN THE FIELD OF TOURISM

**Nikola Dimitrov, Ph.D**
Faculty of tourism and business logistics, University Goce Delcev – Stip, Republic of Macedonia
nikola.dimitrov@ugd.edu.mk
**Dejan Metodijeski, Ph.D**
Faculty of tourism and business logistics, University Goce Delcev – Stip, Republic of Macedonia
dejan.metodijeski@ugd.edu.mk

**Abstract:** Contemporary trends in tourism in recent decades are leading to a constant increase in tourism activity worldwide. This unique phenomenon leads to expansion of tourist movements and opening of businesses that are directly or indirectly associated with it. Because of the rapid pace of development of tourism there is a critical need for professional staff in this field. Higher education institutions are places where students acquire knowledge and skills in a particular area. Besides theoretical background, curriculum also contains practical work. The practical work is a system for training and preparing students for their future profession. There are many types of practical work defined under various criteria, but the criteria for the division of different types of practical work are subject to constant change due to the rapid development of industry, information techniques and technologies, globalization and many other factors. The practical work is very important for students in terms of their personal and professional development. Often, the practical work is introduced through joint initiatives by the public sector, universities, faculties, student unions, high schools and chambers of commerce. The objectives of the practical work should be set in relation to competence expected of the students and they should comply with the legitimate expectations of the training. The practical work is widely recognized student activity in the European countries, in the US and worldwide. In this paper, a comparative analysis of the practical work and its place in curriculum in selected faculties of tourism in the Republic of Macedonia was conducted. The main method used in this paper is an analysis of the content of curriculum using official web pages of selected institutions. The research that was done for the purposes of this paper points to the fact that in the Republic of Macedonia, the universities that offers tourism programs pay serious attention to practical work.
**Keywords:** tourism, practical work, students, higher education.

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРАКТИЧНАТА РАБОТА ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

**Проф. д-р Никола Димитров**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев - Штип, Република Македонија nikola.dimitrov@ugd.edu.mk
**Доц. д-р Дејан Методијески**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев - Штип, Република Македонија dejan.metodijeski@ugd.edu.mk

**Резиме:** Современите тенденции на туризмот во последните неколку декади водат кон константен пораст на туристичката активност во светски рамки. Овој своевиден феномен води до експанзија на туристичките движења и отворање на бизниси кои се директно или индиректно поврзани со него. Поради брзото темпо на развој на туризмот се јавува критична потреба од професионален персонал. Високообразовните институции се местата каде студентите се стекнуваат со знаења и вештини за одредена област. Покрај теоретската настава, наставните програми содржат и практична работа. Практичната работа претставува систем за тренинг на студентите и приготвување за нивната идна професија. Постојат повеќе видови на практична работа, кои произлегуваат според различни критериуми, но критериумите за поделбата на видовите на пракса подлежат на постојани промени, поради брзиот развој на индустриите, информатичките техники и технологии, глобализацијата и ред други фактори. Практичната работа е многу важна за студентите од аспект на нивниот персонален и професионален развој. Најчесто, практичната работа се воведува преку заеднички иницијативи од страна на јавниот сектор, универзитетите, факултетите, студентските сојузи, средните училишта и стопанските комори. Целите на практичната работа, треба да бидат поставени во

корелација со компетентноста што се очекува од студентите и тие треба да се во согласност со вистинските очекувања од обуката. Практичната работа е широко прифатена студентска активност кај земјите од Европа, во САД и насекаде низ светот. За потребите на трудот, направена е компаративна анализа на практичната работа и нејзиното место во избрани факултети за туризам во Република Македонија. Основна метода која е користена во истражувањето е анализа на содржината на студиските програми користејќи ги официјалните веб страни на институциите. Истражувањето кое е спроведено за потребите на овој труд, укажува на податокот дека во Република Македонија, на факултетите каде се изучува туризмот практичната работа е застапена во студентските програми и на неа се обрнува сериозно внимание.
**Клучни зборови:** туризам, практична работа, студенти, високо образование.

## 1. ВОВЕД

Современиот туризам претставува показател за нивото на развој на нашата цивилизација, а тоа за некои луѓе е начин за подигање на културното ниво и обновување на здравјето или забава, за други можност за заработка, а за јавниот сектор можност за зголемување на приходите и вработеноста[191]. Динамиката и интензитетот на развој на туризмот во светот во изминатиот период е повеќе од поволна. Според извештајот на Светската туристичка организација[192], доаѓањата на туристи во 2015 година на меѓународно ниво ја достигнале бројката од 1.186 милиони. Туристичката индустрија учествува со 10% во глобалниот бруто домашен производ, а секој единаесетти вработен човек во светот е вработен во овој сектор.

Поради брзото темпо на развој на туризмот се јавува критична потреба од професионални кадри. Од една страна, како побарувачи на професионални кадри, се јавуваат големите компании и учесниците во масовниот туризам, како што се хотелските и ресторанските синџири. Од друга страна, има се повеќе заинтересирани луѓе кои сакаат да започнат и работат сопствен бизнис. За вторите, туризмот и угостителството продолжуваат да обезбедуваат широк спектар на можности, доколку имаат силен претприемачки дух. За вредни, креативни и кон услужната дејност ориентирани луѓе, кои сакаат да поседуваат и работат за нивниот сопствен бизнис, туризмот и угостителството, нудат речиси неограничени можности. Овие причини водат кон сериозен пристап во подготовката на кадри и професионално усовршување на услужниот персонал во туризмот[193]. Оваа тенденција е поврзана со неопходноста од постојаното зголемување на квалитетот на туристичкото услужување во целост и на одделните туристички услуги. Изучувањето на одделните елементи на туризмот, запознавањето, следењето и управувањето со неговиот развој, планирањето и предвидувањето на неговите динамични промени, изискува висок степен на компетентност и постоење на соодветна професионална квалификација. Подготовката на туристички кадри е приоритетна за успешниот развој на туризмот, а практичната работа на студентите има важна улога во нивното образование.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ И ВИДОВИ НА ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Во минатото, практичната работа би можеле да ја споредиме со односите помеѓу калфата и чиракот. Денес, таа претставува систем за тренинг на студентите и приготвување за нивната идна професија. Во текот на студирањето, студентите, освен теоретското совладување на материјалите за предметите кои се изучуваат во студиските програми, имаат и задолжителна практична работа. Треба да се напомене дека практичната работа не е еднаква со редовниот работен однос. Практичната работа можеме да ја сретнеме како пракса, практикантство, професионална пракса, феријална пракса, практична настава и слично. Во стручните речници, практиката е дефинирана како вештина стекната преку вршење на некоја работа[194]. Причините поради кои се воведува практичната работа во образовниот систем на една држава, најмногу произлегуваат од потребите и барањата за одреден кадар од страна на стопанството. Најчесто, практичната работа се воведува преку заеднички иницијативи од страна на јавниот сектор[195], универзитетите, факултетите, студентските сојузи, средните училишта и стопанските комори.

Практичната работа можеме да ја дефинираме како процес на „размена на услуга за искуство“ помеѓу студентот и работодавецот (организацијата) која го прифатила практикантот. Праксата е важна за студентите, затоа што работејќи на одредени позиции тие „од прва рака“ можат да дознаат дали имаат

[191] Ташков, Н., Димитров, Н., Методијески, Д. (2013) Пракса во хотелско-угостителски објекти. Штип: УГД.
[192] UNWTO (2016) Tourism highlights, 2016 Edition. Madrid: World Tourism Organization.
[193] Воденска, М. (2005) Основи на туризма. София: Матком.
[194] Мућуновиќ, Љ. (1991) Современ лексикон на странски зборови и изрази. Скопје: Наша Книга.
[195] OECD (2012) OECD Tourism Trends and Policies 2012.

интерес за одредена кариера, да ја прошират својата мрежа на контакти, да го збогатат своето персонално и лично искуство и да ја постигнат својата цел – да ја одработат праксата, која им е неопходна за да го завршат своето високо образование. Некои од студентите, исто така, потпишуваат и договори за вработување со организациите во кои биле на практична работа, а од самото тоа интерес имаат и организациите бидејќи вработуваат „проверен кадар“ кој нема потреба дополнително да помине низ процесот на обука и тренинг.

Праксата е широко прифатена студентска активност во развиените европски земји, во САД и насекаде низ светот. Универзитетите во последните неколку децении имаат заземено сериозен пристап кон практичната работа. Поради тоа, во нивните рамки се отвораат центри кои се занимаваат исклучиво со практичната работа. На Универзитет „Гоце Делчев“, за оваа намена е отворена Канцеларија за кариера и алумни клуб, каде се води евиденција, се заверуваат договори и издаваат упатници за пракса. Исто така, и другите универзитети и факултети во нашата земја имаат усвоено правилници за практична работа преку кои ја регулираат праксата на своите студенти.

Според Dewey, „една унца искуство е подобро од тон теорија“, бидејќи само во пракса некоја теорија може да биде витална и да се потврди нејзиното значење[196]. Практичната работа е дизајнирана за да им овозможи на студентите практично познавање и користење на изучуваните дисциплини, професионален развој, запознавање со понатамошната работа и др[197]. Со помош на практичната работа, студентите се во можност да придонесат за својот персонален и професионален развој[198]. Практичната работа во процесот на учење на нови вештини треба да овозможи примена на она што студентите го научиле на работното место, како „додадената вредност“ што ја создаваат во компанијата. Целите на практичната работа, треба да бидат поставени во корелација со компетентноста што се очекува од студентите и тие треба да се во согласност со вистинските очекувања од обуката. Студентите, преку реализација на практичната настава, ќе можат да постигнат повеќе цели. Би ги истакнале поважните[199]:

- Стекнување работно искуство, вештини и способности за соодветно занимање;
- Истражување на различни аспекти на производството и услугите;
- Запознавање со организацијата и функцијата на компанијата;
- Запознавање со предностите и недостатоците на работното место;
- Запознавање на можностите за кариерно напредување;
- Осознавање на работната клима;
- Познавање и почитување на прописите за лична заштита, заштита на работното место и околината;
- Развивање на вештини за тимска работа, комуникација, решавање на проблеми, одговорност, креативност, донесување одлуки и др.

Три се заинтересираните страни кои имаат бенефит од практичната работа, а тоа се студентите, универзитетите и приватниот сектор[200]. Практичната работа претставува „мост“ и основа за соработка помеѓу образовните институции и приватниот сектор[201].

Практичната работа, во помал и поголем степен, е внесување на промена во животот на практикантот, па поради тоа може да бидат забележани следните влијанија:

- Образование: некои практиканти поради практичната работа го намалуваат своето време за учење и домашни задачи, па наидуваат на тешкотии при совладување на материјалите за предметите. Други студенти, кога присуствуваат на предавањата и вежбите, повеќе мислат на практичната работа и не внимаваат на материјалот и слично;
- Семејство: за студентите кои живеат во заедница со родители, браќа, сестри, мажени или женети, со деца и сл., треба да бидат организирани и флексибилни за да ги извршуваат и семејните и практикантските обврски;

[196] Dewey, J. (2012) Democracy and Education: An In troduction to the Philosophy of Education. Los Angeles: Indo-European Publishing.

[197] Goeldner, C., Ritchie, B. (2009) Tourism: Principles, Practices, Philosophies. New Jersey: John Wiley and Sons.

[198] Sweitzer, H. King, M. (2009) The Successful Internship: Personal, Professional and Civic Development. Belmont: Brooks/Cole.

[199] Центар за стручно образование и обука. Стандарди за изведување практична обука на учениците кај работодавачите.

[200] Walo, M. (2001) Assessing the Contribution of Internship in Developing Australian Tourism and Hospitality Students' Management Competencies. Asia-Pacific Journal of Cooperative Education. Research report.

[201] Busby, G. (2003) Tourism degree internships: A longitudinal study. Journal of vocational education and training, Vol.55, N.3.

- Партнери: доколку практикантите имаат партнери со кои живеат заедно или само се во врска, тогаш, тоа претставува специфична обврска која треба да се усогласи со времетраењето на практичната работа;
- Пријатели: иако некои пријатели се поблиски од другите, сепак, секое пријателство е еден вид обврска. Практикантот треба да пронајде време во кое ќе се види со пријателите, дали индивидуално или групно;
- Цимери: доколку студентот живее со други луѓе нормално е да има воспоставено „куќен ред“, со распоред за чистење, набавка, забава и слично. Овој распоред може да се промени поради праксата (станување рано, неможност да се пазарува заедно и др.);
- Останати обврски: хоби, спорт, рекреација, исхрана, културни активности и други. Останатите обврски практикантот, треба да ги планира според приоритети, да ги редуцира или да ги стави во мирување и, секако, во зависност од расположивото слободно време.

Постојат најразлични видови на практичната работа која може да се реализира во многу стопански и нестопански дејности и има многу критериуми за нејзина класификација и поделба[202]. Во трудот опфатени се неколку поделби. Од финансиски аспект, практичната работа може да биде: платена; неплатена и делумно платена. Според времетраењето, праксата можеме да ја поделиме на: седмична; месечна; тримесечна; шест месечна; годишна и во подолг временски период. Според интервалот во кој се реализира, праксата може да биде континуирана и етапна. Според сезоната во која се извршува, праксата може да биде сезонска (летна и зимска) и вонсезонска. Според целта на студентите, постојат: пракса поврзана со стекнување на работно искуство и пракса поврзана со истражувачка работа на студентот (дипломска, магистерска, дисертација и др.) Во денешно време, се среќаваат и таканаречени „виртуелни“ практиканти кои можат својата практична работа да ја извршуваат во организации во кои не е задолжително нивното физичко присуство, туку работата ја извршуваат преку телефон, факс, е-маил, веб модератори и др. Според видот на организациите во кои се извршува праксата, таа може да биде: приватен сектор (фирми, компании); јавен сектор (државни установи и институции) и невладини организации (здруженија, асоцијации, комори и сл.).

Според степенот на образование на практикантите, постојат три вида пракса: средношколска пракса; додипломска пракса и последипломска пракса. Според местото (територијален опфат) во кое се извршува, праксата можеме да ја класифицираме на: во местото на живеење; во регионот; во рамките на земјата и меѓународна пракса. Според начинот на спроведување, практичната работа можеме да ја поделиме на: практична работа во објекти; пракса преку „играње на улоги“ и пракса преку реализирање на теренска настава. Сепак, критериумите за поделбата на видовите на пракса подлежат на постојани промени, поради брзиот развој на индустриите, информатичките техники и технологии, глобализацијата и ред други фактори.

## 3. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ИЗБРАНИ ФАКУЛТЕТИ НА КОИ СЕ ИЗУЧУВА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во истражувањето за потребите на трудот, земени се три универзитети и факултети на кои се изучува туризмот од Република Македонија. Основниот метод кој е користен во истражувањето е анализа на содржината[203]. Тоа е истражувачка метода која се користи за систематска оцена на содржината на појавата која се истражува, во нашиот случај содржината на наставните програми и местото на практичната настава кај избрани факултети. Сите факултети кои во студиските програми го третираат туризмот, како основна насока ја имаат насоката Туризам. Факултетот за туризам и бизнис логистика ги има и насоките Гастрономија, исхрана и диететика и Хотелско-ресторанска, што е идентично како и при Факултетот за туризам и угостителство во Охрид. Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, има само една општа насока - Туризам. Програмите и предметите кои се изучуваат на насоките Туризам, на трите универзитети, се слични една на друга, со исклучок на неколку предмети, кои се застапени во некоја, а ги нема во останатите програми. На сите факултети, програмите се усогласени со принципите на Болоњската декларација со применување на Европскиот – кредит трансфер систем и

[202] Ташков, Н., Димитров, Н., Методијески, Д., Наковска, Ј. (2013) Практичната работа како составен дел од образовниот процес на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика. Пирински книжовни листи, стр.12-18

[203] Ritchie, B., Burns, P., Palmer, C., eds. (2005) Tourism research methods: Integrating theory with practice. Oxfordshire: CAB International.

современиот начин на организирање на наставата (интерактивни предавања, презентации, изработка на проекти, семинарски работи, студии на случај, практична работа итн.)[204].

*Табела 1. Практичната работа на избрани универзитети во Република Македонија на кои има факултети и насоки од областа на туризмот и угостителството*

| Универзитет/Факултет | Насока | Практична работа |
|---|---|---|
| „Гоце Делчев“, Штип<br>Туризам и бизнис логистика | 1.Туризам<br>2. Гастрономија, исхрана и диететика<br>3. Хотелско-ресторанска | Професионална пракса во земјата и странство |
| „Св. Климент Охридски“, Битола<br>Туризам и угостителство | 1.Туризам<br>2. Гастрономија<br>3. Гастрономија, исхрана и диететика<br>4. Хотелско – ресторански менаџмент | Практична работа, гастрономска практика, угостителска практика |
| „Св. Кирил и Методиј“, Скопје<br>Природно- математички факултет, Институт за географија | 1.Туризам | Студентска пракса |

***Извор:*** *Официјалните веб страни на овие институции*

На Факултетот за туризам и бизнис логистика, во наставните програми за насоките Туризам и Гастрономија, исхрана и диететика, во осмиот семестар праксата се извршува во земјата и странство и носи 8 и 6 кредити. Од извршената пракса се изработува есеј на македонски и странски јазик. За студентите од Хотелско-ресторанската насока, целиот 3-ти, 6-ти и 8-ми семестар се задолжителна практична настава во земјата и странство која носи соодветни 6 или 8 кредити. Од извршената практична работа, студентите изработуваат и семинарски есеј на македонски и странски јазик. За овие студенти, поседувањето на униформа за работа и санитарна книшка е задолжително, како и водењето на дневник за практична настава.

На Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, практичната работа е задолжителна во студиските програми и носи 2 кредити. Студентите ја извршуваат практичната работа во текот на 2-иот, 4-тиот и 6-тиот семестар.

На Природно-математички факултет, насока Туризам, практичната работа е задолжителна во студиската програма и носи 4, 5, 8 или 12 кредити. Студентите ја извршуваат практичната работа во 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7-ми семестар.

Едно истражување, спроведено на 66 високообразовни институции и 112 насоки на кои се изучува туризмот во Велика Британија во 2001 година, ги дава следните податоци: на 23% од овие насоки се извршува едногодишна практична настава во странство, а на останатите насоки практичната работа во странство се реализира во периодот од еден до седум месеци[205]. Во поголемиот дел од државите во Европската унија, праксата е задолжителна, а во некои земји дипломската или магистерската работа треба да произлезат од стекнатото работно искуство под формата на пракса. Во Бразил, на пример, постои посебен Закон за практична работа. Во САД, поради големината на пазарот, се појавуваат фирми посредници во пронаоѓањето на соодветна практична работа за студентите. Во Република Македонија, практичната работа е регулирана со Правилник за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите[206] и Законот за волонтерство[207] (во процес на изработка е Закон за практична работа). Исто така, во член 250 од Законот за работни односи[208], се наведува дека, студентите имаат право да вршат практична работа кај работодавецот во рамките на образовната програма.

[204] Ацковска, М., Ангеловска, Н., Методијески, Д., Филипоски, О. (2013) Економијата на туризмот и нејзиното изучување на додипломските студии на факултетите за туризам во Република Македонија. Зборник на трудови од научната конференција одржана по повод 60-годишнината од постоењето на Економскиот институт – Скопје.
[205] Aggett, M., Busby, G. (2011) Opting out of internship: Perceptions of hospitality, tourism and events management undergraduates at a British University. Journal of Hospitality, Leisure, Sport and Tourism Education, Vol. 10, No.1.
[206] Службен весник на Република Македонија (бр.120/2010) Правилник за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите.
[207] Службен весник на Република Македонија (бр.85/2007) Закон за волонтерство.
[208] Службен весник на Република Македонија (бр.16/2010) Закон за работни односи.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Зголемениот развој на туризмот во светски рамки доведува до поголема потреба од професионален кадар кој ќе работи во оваа област. Практичната работа дава можност за интелектуален и емоционален развој кој е важен за практикантот, но исто така праксата е важна и за институциите во кои таа се извршува. Практичната настава е дел од наставните програми на факултетите за туризам ширум светот, како и во Република Македонија. Истражувањето кое е спроведено за потребите на овој труд, укажува на податокот дека во земјата практичната настава е застапена во студентските програми и на неа се обрнува сериозно внимание.

Праксата дава можност на студентите-практиканти да се создадат критички поглед на информациите кои ги добиваат, да размислуваат креативно и да ги набљудуваат работите од повеќе гледни точки. Исто така, важна е и способноста која практикантите ја создаваат, да комуницираат без пречки, како усно, така и писмено. Тимското решавање на проблемите на работа е способност која ќе им помогне на студентите и дома, во понатамошната работа и во општеството. Праксата е шанса практикантите да го преземат следниот чекор, да се здобијат со повеќе вештини, ставови, норми и вредности на професијата и да дознаат како оваа професија им одговара на личните интереси. Практичната работа, исто така им овозможува на практикантите да го разберат „светот на работењето" подобро, отколку што го познавале во моментот пред да ја започнат праксата.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Ташков, Н., Димитров, Н., Методијески, Д. (2013) Пракса во хотелско-угостителски објекти. Штип: УГД.
[2] UNWTO (2016) Tourism highlights, 2016 Edition. Madrid: World Tourism Organization.
[3] Воденска, М. (2005) Основи на туризма. София: Матком.
[4] Муќуновиќ, Љ. (1991) Современ лексикон на странски зборови и изрази. Скопје: Наша Книга.
[5] OECD (2012) OECD Tourism Trends and Policies 2012.
[6] Dewey, J. (2012) Democracy and Education: An Introduction to the Philosophy of Education. Los Angeles: Indo-European Publishing.
[7] Goeldner, C., Ritchie, B. (2009) Tourism: Principles, Practices, Philosophies. New Jersey: John Wiley and Sons.
[8] Sweitzer, H. King, M. (2009) The Successful Internship: Personal, Professional and Civic Development. Belmont: Brooks/Cole.
[9] Центар за стручно образование и обука. Стандарди за изведување практична обука на учениците кај работодавачите.
[10] Walo, M. (2001) Assessing the Contribution of Internship in Developing Australian Tourism and Hospitality Students' Management Competencies. Asia-Pacific Journal of Cooperative Education. Research report.
[11] Busby, G. (2003) Tourism degree internships: A longitudinal study. Journal of vocational education and training, Vol.55, N.3.
[12] Ташков, Н., Димитров, Н., Методијески, Д., Наковска, Ј. (2013) Практичната работа како составен дел од образовниот процес на студентите од Факултетот за туризам и бизнис логистика. Пирински книжовни листи, стр.12-18
[13] Ritchie, B., Burns, P., Palmer, C., eds. (2005) Tourism research methods: Integrating theory with practice. Oxfordshire: CAB International.
[14] Ацковска, М., Ангеловска, Н., Методијески, Д., Филипоски, О. (2013) Економијата на туризмот и нејзиното изучување на додипломските студии на факултетите за туризам во Република Македонија. Зборник на трудови од научната конференција одржана по повод 60-годишнината од постоењето на Економскиот институт – Скопје.
[15] Aggett, M., Busby, G. (2011) Opting out of internship: Perceptions of hospitality, tourism and events management undergraduates at a British University. Journal of Hospitality, Leisure, Sport and Tourism Education, Vol. 10, No.1.
[16] Службен весник на Република Македонија (бр.120/2010) Правилник за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите.
[17] Службен весник на Република Македонија (бр.85/2007) Закон за волонтерство.
[18] Службен весник на Република Македонија (бр.16/2010) Закон за работни односи.